РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 11.05.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 538/1 | | |

( Образец ПП……)

До: **Општина Пробиштип**
**(имател на информацијата)**

# **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Иве Нацев ул. „Јаким Стојковски“ бр 113 Пробиштип со тел. бр 071-302-715**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Во врска со одлуката на совет на Општина Пробиштип бр. 26-1064/4 од 15.11.2016 година за проширување на градските гробишта во Пробиштип, за експропирација на земјиште на име Иве Нацев со Имотен Лист бр. 585 за кп. Бр. 1691 а во врска пресудите на Управниот Суд - Скопје У-2 бр. 836/2017 и У-2 бр. 981/2018 година, барам да ме известете до каде е наведената постапка.**

**Од моја страна сакам да ве запознам дека на посоченото проширување на градските Гробишта со наведената одлука на советот на Општина Пробиштип не е завршена во целост постапката за експропирација на наведената парцела поради не спроведување на одлуките од Управниот Суд.**

**Во догледно време со инизитетот на проширувањето на гробиштата е во непосрена близина на КП бр. 1691 и тоа околу 10м-15м со што е на повидок стопирање за градба, бидејки наведената КП бр. 1691 е во приватна сопственост со назнака г. н. з..**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-538/2
26.05 2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски“ бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

**ДО**
**Иве Нацев ул.„Јаким Стојковски“ бр.113 Пробиштип**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање;**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.24-538/1 од 11.05.2021 година, со кое барате општина Пробиштип да Ви ја достави бараната информација во електронски запис по е-маил или по пошта и тоа:

- Известување до каде е постапката започната со одлуката на совет на општина Пробиштип бр.26-1064/4 од 15.11.2016 година за проширување на градските гробишта во Пробиштип за експропријација на земјиштето на име Иве Нацев со имотен лист бр.585 за КП бр.1691 а во врска со пресудите на Управниот Суд-Скопје У-2 бр.836/2017 и У-2 бр.981/2018 година.

Ве известуваме дека по однос на првата Пресуда донесена од страна на Управен суд У-2 бр.836/2017 од 14.02.2018 година, каде е одлучено да се поништи Решението за потполна експропријација УП 1 бр.26-26-1 до 24.11.2017 година од Министерство за финансии-Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип и повторно разгледување и одлучување, веќе е одржана усна расправа на ден 18.10.2018 година пред првостепениот орган надлежен за одлучување Министерство за финансии-Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип. При повторното разгледување на целокупната документација за експропријација донесено е ново Решение бр.26-26/3 од 18.10.2018 година.

Во однос на донесеното Решение поднесена е тужба и од страна на Управен суд донесена е пресуда У-2 бр.981/2018 од 24.01.2019 година, каде е одлучено Решението бр.26-26/3 од 18.10.2018 година да се пониште и повторно да се изврши разгледување и одлучување за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба.

Меѓутоа, првостепниот орган, Министерство за финансии-Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип се уште нема постапено по укажувањата во Пресудата од Управен Суд за повторно разгледување и одлучување по предметот и поради тоа се уште не е постапено по однос на потполната експропријација.

Бидејќи се работи за јавен интерес од локално значење согласно член 2 став 1 алинеја 11 од законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/05, 10/08, 106/08, 156/10 и 6/12) каде е предвидено: *„Јавен интерес утврден со овој закон е уредувањето, рационалното користење и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредување на животната средина и на природата со изградба на објекти и изведување на работи предвидени со актите за планирање на просторот и тоа:*

*- изградба на водовод, канализација, топлификација, гробишта и други комунални објекти;“*

потребно е во најскоро време да се продолжи постапката за експропријација за реализација на јавен интерес од локално значење односно проширување на градските гробишта во Пробиштип.

Изготвил: Анкица Ѓеновска_________
Одобрил: Јованка Данева___________

25.05.2021 година
Пробиштип

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов
_______________

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-538/3
25.05 2021 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РМ бр. 101/19 од 22.05.2019 година) Градоначалникот на Општина Пробиштип го изготви следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрено барање за пристап до информација од јавен карактер

**На Иве Нацев ул.„Јаким Стојковски“ бр.113 Пробиштип** позитивно му се одобрува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Општина Пробиштип под број бр.24-538/1 од 11.05.2021 година.

Информацијата содржи:

- Известување до каде е постапката започната со одлуката на совет на општина Пробиштип бр.26-1064/4 од 15.11.2016 година за проширување на градските гробишта во Пробиштип за експропријација на земјиштето на име Иве Нацев со имотен лист бр.585 за КП бр.1691 а во врска со пресудите на Управниот Суд-Скопје У-2 бр.836/2017 и У-2 бр.981/2018 година.

ПРАВНА ПОУКА:Против Решението на Градоначалникот на Општина Пробиштип може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап.

**Изготвил:Анкица Ѓеновска**
**Одобрил: Јованка Данева**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Драган Анастасов**

Република Македонија
Општина Пробиштип
Бр. 22-938/1
10.10. 2018 год.
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Управа за имотно-правни работи
Подрачно одделение за првостепена управна постапка
ПРОБИШТИП

| Примено: | 10.10. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 26 | 26-1 | | |

ДО: УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ
ПРОБИШТИП

**Предмет: ПОДНЕСОК ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПОТПОЛНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ГРОБИШТА**

**Од:Предлагачот општина Пробиштип преку полномошник Невенка Нотевска секретар на општина Пробиштип**

Во врска со пресудата на првостепениот Управен суд У-2 бр.886/2017 од 14.02.2018 година со која Тужбата на тужителот Иве Нацев од Пробиштип се уважува а Решението за потполна експропријација УП бр.26-26-1 од 24.11.2017 година на Министерството за финансии Одделение за првостепена управна постапка Пробиштип СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно одлучување, Барам да закажете седница на која повторно ќе го разгледате и ќе одлучувате согласно напатствијата во цитираната пресуда.

Првостепениот суд навел дека првостепениот управен орган не ја утврдил фактичката состојба и дека предлагачот требало да достави банкарска гаранција како доказ за обезбедени средства согласно член 26 точка 7 од Законот за експропријација.
Имено точка 7 во Законот не постои , со измените на Законот за експропријација објавени во Сл.весник 131/2012 точка 1 се избриша и точките 2,3,4,5,6 и 7 станаа точки 1,2,3,4,5 и 6.
Во точката 6 ( поранешна точка 7) децидно е наведено кој обезбедува банкарска гаранција , тоа се јавните претпријатија , трговските друштва и други институции основани од државата доколку тие се предлагачи односно државниот правобранител во нивно име , а кај единиците на локалната самоуправа доказ за обезбедени средства е Одлука на Советот за резервирани средства за експропријација во буџетот на единиците на локалната самоуправа.

Таков доказ општината како предлагач има доставено и Ве молам да ја продолжите постапката согласно законот.

Со почит!

Општина Пробиштип
Полномошник
Невенка Нотевска

Република Македонија
Општина Пробиштип
ПРОБИШТИП

У-2.бр.981/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Мустафа Шахини - претседател на советот, Весна Јовановска и Габријела Михајловска - членови на советот, со записничар Емилија Џоневска - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Иве Нацев од Пробиштип, преку полномошник Кристијан Мицевски, адвокат од Штип, против Решението на Министерството за финансии - Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип, УП 1 бр.26-26/3 од 18.10.2018 година, по основ на експропријација, на седницата одржана на ден 24.01.2019 година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Иве Нацев од Пробиштип, СЕ УВАЖУВА.

Решение на Министерството за финансии - Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип, УП 1 бр.26-26/3 од 18.10.2018 година, СЕ ПОНИШТУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решението означено во изреката на пресудата, постапувајќи по Предлогот за потполна експропријација на недвижен имот УП.1бр.26-26/3 од 06.07.2017 година на Општина Пробиштип и насоките дадени во пресуда у-2.бр.836/2017 од 14.02.2018 година, се уважува предлогот и се извршува потполна експропријација на недвижен имот согласно на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ ДООЕЛ Кочани на кп.бр.1691, м.в.Камењари, гнз, КО Пробиштип запишан во Имотен лист бр.585, на Иве Нацев од Пробиштип во површина од 1375 м2, заради проширување на градски гробишта Пробиштип.

Против решението на тужениот орган, тужителот со тужба покрена управен спор, со предлог истото да биде поништено.

Тужениот орган до овој суд ги достави списите што се однесуваат по предметот и поднесе одговор на тужба со кој ги оспори наводите од тужбата, со предлог истата да биде одбиена како неоснована..

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на списите по предметот, најде дека:

Тужбата е основана.

Од списите на предметот се гледа дека од страна Општина Пробиштип до Министерството за финансии - Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип, е поднесен предлог бр.26-26/3 од 06.07.2017 година за потполна експропријација на недвижен имот заради проширување на градски гробишта во Пробиштип, и тоа за: КП.бр.1691 во м.в „Камењар“ гнз на Нацев Иве во површина од

1357м2 евидентирано во имотен лист бр.585 за Ко Пробиштип, со образложение дека надоместокот ќе се изврши со плаќање на пазарната вредност на недвижноста и тоа по 74,00 денари од метар квадратен согласно проценката и одлуката на Советот, а за оштетените овошни насади согласно записникот за утврдена штета на лозови насади од стручно лице при Општина Пробиштип, а како прилог се доставени согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ Кочани (кој се однесува за Кп.бр.1684, 1685, 1691, 1695, 1696/1, 1696/2 – урбан опфат 4.1 Ко Пробиштип; Одлука бр.26-1062/4 од 15.11.2016 година на совет на Општина Пробиштип; Извештај од извршена проценка на пазарна вредност на недвижен имот – градежно неизградено земјиште во Пробиштип – Општина Пробиштип изготвена од страна на проценител Бранко Станојковски; записник за утврдување на штета на насади на земјиште кое се експроприра од 21.12.2016 година издадено од Општина Пробиштип – соработник за агро сектор.

Постапувајќи по доставениот предлог бр.26-26/3 од 06.07.2017 година за потполна експропријација на недвижен имот, тужениот орган во повторна постапка согласно насоките дадени во пресуда У-2.бр.836/2017 од 14.02.2018 година, одржал усна расправа на ден 18.10.2018 годинаво присуство на предлагачот и е составен записник УП1.бр.26-26/3 од 18.10.2018 година, па врз основа на увидот во претходно приложените и по службена должност прибавени докази и записникот од 18.10.2018 година, донел ново решение УП 1 бр.26-26/3 од 18.10.2018 година, со кое се уважува предлогот и се извршува потполна експропријација на недвижен имот согласно на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ ДООЕЛ Кочани на кп.бр.1691, м.в.Камењари, гнз, КО Пробиштип запишан во Имотен лист бр.585, на Иве Нацев од Пробиштип во површина од 1375 м2, заради проширување на градски гробишта Пробиштип. При одлучувањето органот имал во предвид дека во случајот се работи за јавен интерес член 7 став 1 алинеја 8 и дека се исполнети условите од член 31 од Законот за експропријација.

Тужителот во тужбата наведува дека тужениот орган не постапил по насоките дадени во пресуда У-2.бр.836/2017 од 14.02.2018 година и донел повторно исто решение, како и дека понудениот надоместок кој изнесува 74,00 денари за 1м2 е одмерен паушално и дека е одмерен од проценител кој е вработен во Општината и истиот необјективно ја одмерил оваа цена кој не претставува реалната пазарна цена за градежното неизградено земјиште во овој реон на градот. Поради сите горенаведени причини предложи тужбата да се уважи и оспореното решение да се поништи.

При оценката на законитоста на оспореното решение УП 1 бр.26-26/3 од 18.10.2018 година на тужениот орган, овој суд најде дека во постапката која претходела на неговото донесување од страна на тужениот орган не е постапено по претходно дадените напатствија на Судот во Пресуда У-2.бр.836/2017 од 14.02.2018 година, поради што и одредени факти кои се од решително значење за одлучувањето повторно не се во целост утврдени, што ја прави фактичката состојба нејасна и нецелосна, а со што Судот цени дека е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 1 од Законот за експропријација, со овој закон се уредува одземањето и ограничувањето на правото на сопственост и на имотните права на недвижности заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи (во натамошниот текст

експропријација), утврдување на јавниот интерес, постапката за експропријација и постапката за определување пазарниот надоместок.

Согласно член 7 став 1 алинеја 8 од истиот Закон, јавен интерес од локално значење согласно со овој закон се утврдува заради градење на објкети за општа употреба и тоа: општински патишта, плоштади, јавни паркови, пазари, јавни паркиралишта и гробишта.

Согласно член 9 став 2 од Законот, со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, престанува правото на сопственост на физички и правни лица (приватна сопственост) или правото на сопственост на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје (општинска сопственост), а се заснова право на сопственост на единиците на локална самоуправаи градот Скопје (општинска сопственост).

Со членот 19 став 1 од цитираниот Закон, надоместот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката за експропријација паѓаат на товар на предлагачот на експропријацијата.

Согласно член 25 од наведениот закон, предлогот за експропријација содржи податоци за : предлагачот на експропријацијата, недвижноста за која се предлага експропријација, сопственикот на недвижноста (лично име или назив, живеалиште, престојувалиште, односно седиште), носителите на други имотни права на недвижноста (лично име или назив, живеалиште, престојувалиште, односно седиште) и видот на објектот или изведување на работи за кои се предлага експропријацијата.

Според член 26 од цитираниот закон Со предлогот за експропријација се поднесува: доказ дека предлагачот на експропријацијата му понудил на сопственикот на недвижноста договорно да го реши прашањето за стекнување право на сопственост на недвижноста што треба да биде предмет на експропријација (писмена понуда за склучување на договор за размена или договор за продажба, извод од актот за планирање на просторот, или одобрен проект за инфраструктура, геодетски елаборат за нумерички податоци за недвижноста за која се предлага експропријација, понуда за видот и висината на надоместокот за недвижноста за која се предлага експропријација во висина на пазарната вредност на недвижноста утврдена од овластен проценувач согласно со законот за процена, имотен лист за недвижноста за која се експропријација, имотен лист за недвижноста што се нуди како надоместок за експроприраната недвижност и доказ за обезбедени средства за надомест на експроприраната недвижност(известување за планирани средства во буџетот од лицето кое раководи со буџетски корисник или единка корисник на средствата од Буџетот на Република Македонија), банкарска гаранција дека јавните претпријатија, трговските друштва и други институции основани од државата имаат обезбедено средства за надоместок, одлука на советот на единицата на локалната самоуправа, односно банкарска гаранција дека концесионерот, носителот на долготрајниот закуп и инвеститорот на линиска инфраструктура има обезбедено средства за надоместок.

Според член 29 од погоре наведениот закон, органот за експропријација по предлогот за експропријација закажува расправа на која ги повикува сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста што е предмет на експропријација и предлагачот на експропријацијата На расправата се утврдуваат постоењето на јавниот интерес, право на сопственост и други имотни

права, видот и висината на надоместот, како и други факти и околности од значење за експропријацијата. Органот е должен по доставување на предлогот за експропријација до сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста да закаже и одржи расправа по предлогот најдоцна во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот на сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста.

Имено, тужениот орган орган постапувајќи во повторна постапка, донел ново решение решение УП 1 бр.26-26/3 од 18.10.2018 година, со кое се уважува предлогот и се извршува потполна експропријација на недвижен имот согласно на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ ДООЕЛ Кочани на кп.бр.1691, м.в.Камењари, гнз, КО Пробиштип запишан во Имотен лист бр.585, на Иве Нацев од Пробиштип во површина од 1375 м2, заради проширување на градски гробишта Пробиштип. Но, по мислење на судот тужениот орган не постапил по насоките дадени во пресуда У-2.бр.836/2017 од 14.02.2018 година односно дека при постапувањето по предлогот за експропријација предлагачот не ги обезбедил и доставил доказите кои се предуслов за да може да започне постапката за експропријација а кои се таксативно наброени во член 26 од Законот за експропријација, без притоа при постапувањето да се запазат правилата на постапката утврдени во погоре цитираните одредби, ниту пак од списите на предметот произлегува фактичка состојба на која се повикува тужениот орган во образложението на својата одлука.

Видно од приложените докази кон списите по предметот, тужениот орган не утврдил со сигурност дали во случајот се исполнети законските услови за трајна експропријација на предметната недвижност што е мошне важно во случајот и од што всушност ќе зависи донесување на една правилна и законита одлука. Но, наместо органот да постапи во наведената смисла и одредбите од Законот за експропријација, истиот само паушално прифаќа дека во случајот се исполнети законските услови за донесување на решение за експропријација на предметната недвижност. Ова особено, што кон списите на предметот повторно не е приложена понуда за видот и висината на надоместокот за недвижноста за која се предлага експропријацијата со утврдена пазарна вредност определена од страна на овластен проценувач согласно Законот за процена, дотолку повеќе што Извештајот од извршена проценка на пазарна вредност на недвижен имот – градежно неизградено земјиште во Пробиштип – Општина Пробиштип е изготвен од страна на проценител Бранко Станојковски, а додека записник за утврдување на штета на насади на земјиште кое се експроприра од 21.12.2016 година издадено од Општина Пробиштип е од соработник за агро сектор, при што согласно член 7 од Законот за процена јасно е наведно кој може да врши проценка в.в со член 26 од Законот за експропријација.

Исто така нема приложено и докази за обезбедени средства за обесштетување на тужителот, имајќи во предвид дека Одлуката бр.26-1062/4 од 15.11.2016 година на Совет на Општина Пробиштип за определени средства за експропријација во буџетот на Општина Пробиштип, се однесува за обезбедени средства на неколку катастарски парцели Кп.бр.1684, 1685, 1691, 1695, 1696/1, 1696/2 – урбан опфат 4.1 Ко Пробиштип, со вкупна површина од 6606 м2 и обезбеден износ од 150.000,00 денари, при што само на сопственикот на недвижноста на Кп.бр.1691 – сега тужител за површина од 1357 м2 по двата основа му нудат вкупен износ од 110.418,00 денари, со што е доведена во прашање и правилната примена на материјалното право.

Предвид на тоа, за Судот е нејасно од кои причини органот, без да бидат исполнети сите услови предвидени со погоре цитираните законски одредби од Законот за експропријација, донел решение со кое го уважил предлогот за експропријација, во ситуација кога предлагачот не ги доставил сите докази од член 26, а посебно што не доставил, Понуда и доказ за обезбедени средства за експроприраната недвижност, согласно член 26 став 1 тичка 3 и 6 од Законот за експропријација, а кои факти во повторната постапка ќе треба со сигурност да се утврдат, па дури потоа на правилно утврдените факти правилно да се применат одредбите од Законот за експропријација.

Од сето погоре изнесеното, произлегува дека во случајот има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот, при што во повторната постапка ќе биде потребно тужениот орган да ги има во предвид горните укажувања и напатствија дадени во оваа пресуда и да постапи согласно истите, па откако целосно и правилно ќе ја утврди фактичката состојба, правилно да го примени и материјалното право.

Со оглед на изнесеното следуваше, Судот согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови, да одлучи како во изреката на пресудата.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 24.01.2019 година под У-3.бр.981/2018.

Записничар - судски советник
Емилија Џоневска

Претседател на совет - Судија
Мустафа Шахини

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати на име судска такса и тоа судска такса за одлука уште износ од 480,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителот преку полномошник Кристијан Мицевски, адвокат од Штип
- тужениот орган
- з.л

Претседател на совет - Судија
Мустафа Шахини

ВК /

Република Македонија
**Државно правобранителство на Република Македонија**

Р Бр.1030 /18
Штип 23.04.2018 година

Државно правобранителство
на Република Македонија
за подрачје Штип
ул.„Генерал Михајло Апостолски"
бб (судска зграда), 2000 Штип
Тел./Факс. (032) 391-029
e-mail:dpstip@dprm.gov.mk
web: dprm.gov.mk

**ДО**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**За Сектор за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина**

**ПРЕДМЕТ: Препраќање на пресуда**

Од страна на Управниот суд во Скопје доставена е Пресуда У-2.бр.836/2017 од 14.02.2018 година во врска со постапка за експропријација отпочната по предлог на Општина Пробиштип.

Од тие причини, во прилог Ви ја препраќаме пресудата на Ваше натамошно постапување.

Со почит,
Државен правобранител
за подрачје Штип
Сунчица Кукушева

Доставено до:
Општина Пробиштип-1 пр.
23.04.2018 година

У-2.бр.836/2017

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Драгослав Радичевски - претседател на советот, Лулзим Салиу и Дрита Мемети - членови на советот, со записничар Сали Бајрами - помлад судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот Иве Нацев од Пробиштип, преку полномошник Кристијан Мицевски, адвокат од Штип, против решението на Министерството за финансии - Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип, УП.I.бр.26-26-1 од 24.11.2017 година, за експропријација, на седницата одржана на ден 14.02.2018 година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
23 APR 2018
Р-10 30/18

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Иве Нацев од Пробиштип, СЕ УВАЖУВА.

Решение на Министерството за финансии - Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип, УП.I.бр.26-26-1 од 24.11.2017 година, СЕ ПОНИШТУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Со решението означено во изреката на пресудата, Предлогот за потполна експропријација на недвижен имот УП.1бр.26-26/3 од 06.07.2017 година на Општина Пробиштип од Пробиштип, се уважува. СЕ врши потполна експропријација на недвижен имот согласно на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ ДООЕЛ Кочани на кп.бр.1691, м.в.Камењари, гнз, КО Пробиштип запишан во Имотен лист бр.585, на Иве Нацев од Пробиштип во површина од 1375 м2, заради проширување на градски гробишта Пробиштип.

Против решението на тужениот орган, тужителот со тужба покрена управен спор, со предлог истото да биде поништено.

Тужениот орган ги достави списите по предметот. Одговор на тужба не достави.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата, го испита побиваното решение согласно член 37 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, одговорот на тужба и списите во предметот, најде:

Тужбата е основана.

Од списите на предметот се гледа дека од страна на Општина Пробиштип Локална Самоуправа Пробиштип, до Министерството за финансии - Одделение за првостепена управна постапка во Пробиштип, е поднесен предлог за експропријација на недвижен имот УП1.бр.26-26 од 06.07.2017 година, заради проширување на градски гробишта, согласно Геодетски елаборат за геодетски

работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ Кочани.

Постапувајќи по доставениот предлог, првостепениот орган, врз основа на увидот во приложените и по службена должност прибавени докази, го донел сега оспореното решение УП.І.бр.26-26-1 од 24.11.2017 година, со кое се уважува предлогот за експропријација на недвижен имот согласно на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со Деловоден бр.0805-326-04/2016 од 28.10.2016 година на ГЕО-АКСЕНТ ДООЕЛ Кочани на кп.бр.1691, м.в.Камењари, гнз, КО Пробиштип запишан во Имотен лист бр.585, на Иве Нацев од Пробиштип во површина од 1375 м2, заради проширување на градски гробишта Пробиштип. При одлучувањето органот имал во предвид дека во случајот се работи за јавен интерес член 7 алинеја 8 и дека се исполнети условите од член 31 од Законот за експропријација.

Тужителот во тужбата наведува дека понудениот надоместок кој изнесува 74,00 денари за 1м2 е одмерен паушално и дека е одмерен од проценител кој е вработен во Општината и истиот необјективно ја одмерил оваа цена кој не претставува реалната пазарна цена за градежното неизградено земјиште во овој реон на градот. Поради сите горенаведени причини предложи тужбата да се уважи и оспореното решение да се поништи.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, судот најде дека истото е неправилно и незаконито.

Согласно член 1 од Законот за експропријација, со овој закон се уредува одземањето и ограничувањето на правото на сопственост и на имотните права на недвижности заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи (во натамошниот текст експропријација), утврдување на јавниот интерес, постапката за експропријација и постапката за определување пазарниот надоместок.

Согласно член 6 став 1 алинеја 5 од истиот Закон, помеѓу другото, јавен интерес утврден со овој закон е и градење на железнички пруги, железнички станици, аеродроми, државни патишта и мостови.

Согласно член 9 став 1 од Законот, со експропријацијата за реализација на јавен интерес од значење за Република Македонија, престанува правото на сопственост на физички и правни лица (приватна сопственост) или правото на сопственост на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје (општинска сопственост), а се заснова право на сопственост на Република Македонија.

Со членот 19 став 1 од цитираниот Закон, надоместот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката за експропријација паѓаат на товар на предлагачот на експропријацијата.

Согласно член 25 од наведениот закон, предлогот за експропријација содржи податоци за : предлагачот на експропријацијата, недвижноста за која се предлага експропријација, сопственикот на недвижноста (лично име или назив, живеалиште, престојувалиште, односно седиште), носителите на други имотни права на недвижноста (лично име или назив, живеалиште, престојувалиште, односно седиште) и видот на објектот или изведување на работи за кои се предлага експропријацијата.

Според член 26 од цитираниот закон Со предлогот за експропријација се поднесува: доказ дека предлагачот на експропријацијата му понудил на сопственикот на недвижноста договорно да го реши прашањето за стекнување право на сопственост на недвижноста што треба да биде предмет на експропријација (писмена понуда за склучување на договор за размена или договор за продажба, извод од актот за планирање на просторот, или одобрен проект за инфраструктура, геодетски елаборат за нумерички податоци за недвижноста за која се предлага експропријација, понуда за видот и висината на надоместокот за недвижноста за која се предлага експропријација во висина на пазарната вредност на недвижноста утврдена од овластен проценувач согласно со законот за процена, имотен лист за недвижноста за која се експропријација, имотен лист за недвижноста што се нуди како надоместок за експроприраната недвижност и доказ за обезбедени средства за надомест на експроприраната недвижност(известување за планирани средства во буџетот од лицето кое раководи со буџетски корисник или единка корисник на средствата од Буџетот на Република Македонија), банкарска гаранција дека јавните претпријатија, трговските друштва и други институции основани од државата имаат обезбедено средства за надоместок, одлука на советот на единицата на локалната самоуправа, односно банкарска гаранција дека концесионерот, носителот на долготрајниот закуп и инвеститорот на линиска инфраструктура има обезбедено средства за надоместок.

Според член 29 од погоре наведениот закон, органот за експропријација по предлогот за експропријација закажува расправа на која ги повикува сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста што е предмет на експропријација и предлагачот на експропријацијата На расправата се утврдуваат постоењето на јавниот интерес, право на сопственост и други имотни права, видот и висината на надоместот, како и други факти и околности од значење за експропријацијата. Органот е должен по доставување на предлогот за експропријација до сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста да закаже и одржи расправа по предлогот најдоцна во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот на сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста.

Во конкретниот случај од утврдената фактичка состојба во постапката пред првостепениот орган, а прифатена и од тужениот орган, списите по предметот, а на основа цитираните законски одредби, имајќи ги притоа предвид и наводите истакнати во тужбата, произлегува дека тужениот орган не сторил доволно напори и не ги утврдил со сигурност фактите на кои ја засновува својата одлука, а се од решително значење за правилното одлучување. Имено, видно од приложените докази кон списите по предметот, тужениот орган не утврдил со сигурност дали во случајот се исполнети законските услови за трајна експропријација на предметната недвижност што е мошне важно во случајот и од што всушност ќе зависи донесување на една правилна и законита одлука. Но, наместо органот да постапи во наведената смисла и одредбите од Законот за експропријација, истиот само паушално прифаќа дека во случајот се исполнети законските услови за донесување на решение за експропријација на предметната недвижност. Ова од причина што органот само констатира дека се работи за јавен интерес и дека се исполнети условите од член 26 од Законот за експропријација, без притоа при постапувањето да се запазат правилата на постапката утврдени во погоре цитираните одредби, ниту пак од списите на предметот произлегува фактичка состојба на која се повикува тужениот орган во образложението на својата одлука. Ова особено што кон списите на предметот нема приложено банкарска гаранција, односно нема никакви докази за обезбедени средства за обесштетување на тужителот, со што е доведена во

прашање и правилната примена на материјалното право. Во таа смисла, по мислење на судот утврдената фактичка состојба не произлегува од изведените докази во постапката, односно утврдените факти не се поткрепени со соодветни докази, дотолку повеќе што во членот 26 од погоре цитираниот закон, децидно се наведени доказите кои треба да се поднесат со предлогот за експропријација, што во конкретниот предмет не е сторено, со што на тужителот му се ускратени правата да превзема правни дејствија во насока на заштита на неговите права и интереси загарантирани со Уставот и Законот.

Предвид на тоа, за Судот е нејасно од кои причини органот, без да бидат исполнети сите услови предвидени со погоре цитираните законски одредби од Законот за експропријација, донел решение со кое го уважил предлогот за експропријација, во ситуација кога предлагачот не ги доставил сите докази од член 26, а посебно што не доставил доказ за обезбедени средства за надомест на експроприраната недвижност - банкарска гаранција согласно член 26 точка 7 од Законот за експропријација, а кои факти во повторната постапка ќе треба со сигурност да се утврдат, па дури потоа на правилно утврдените факти правилно да се применат одредбите од Законот за експропријација .

Од сето погоре изнесеното, произлегува дека во случајот има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот, при што во повторната постапка ќе биде потребно тужениот орган да ги има во предвид горните укажувања и напатствија дадени во оваа пресуда и да постапи согласно истите, па откако целосно и правилно ќе ја утврди фактичката состојба, правилно да го примени и материјалното право.

Со оглед на изнесеното следуваше, Судот согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови, да одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Управниот суд на 14.02.2018 година под У-2.бр.836/2017.

Записничар - помлад судски соработник
Сали Бајрами

Претседател на совет - Судија
Драгослав Радичевски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужител - преку полномошник
- тужениот орган
- з.л

Претседател на совет - Судија
Драгослав Радичевски

РН /

Согласноста на преписот со изворникот се потврдува
Судски службеник